| Задача | Активност | Врем рамка | Носител | Начин на спроведување ( ресурси ) | Инструменти | Очекувани резултати | Следење од одговорно лице | Потребен буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| - Унапредување на мултиетичноста и интеркултурализмот во наставата во насока на градење на соживот со примена на стандардите за интеркултурализм | -Планирање и реализација на часови со примена на мултиетичност и интеркултурали-зам | Теко-вно | - Наставници | -Одржување на часови со примена на мултиетичност и интеркултурализам<br>-Увид во планирањата<br>-Стручни средби на ниво на стручни активи | -Извештај за следење на час<br><br>-Извештаи | - Подобро запознавање на сите етникуми и подобра соработка меѓу истите и градење на соживот | -Директор<br>-Пом.директ<br>-Педагог<br>-Психолог | Сопствен |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| -Јакнење на мултиетичноста и интеркултурали-змот, и примена на стандардите на интеркултурализм от во училиштето Општината и РСМ | - Заеднички активности кои промовираат прифаќање и почитување на различните ентитети во РСМ, а се дел од проектите во училиштето | Теков но | - Тимот за поддршка на ПМИМО<br>- Тимот за јакнење на мултиетнич ка соработка во Општините<br>- Наставни-ците самостојно и во соработка со пед-псих.служба | -Средби на ниво на тимови за поддршка<br><br>-Одржување на низа активности од страна на наставниците со примена на мултиетичност и интеркултурализам<br><br>-Реализација на Акциските планови од проектните активности | - Писмени извештаи за реализирани активности<br><br>-Реализир. акциски планови<br><br>-Записници од посетени часови | -Подобра соработка на учениците и наставниците на сите полиња на дејствување на училиштето<br><br>-Примена на мултиетичноста и интеркултурали-змот во различни сегменти на училиштето | -Директор<br>-Пом.директ<br>-Педагог<br>-Психолог<br>-Советници од БРО | Сопствен и на носители на проектите |

**Наставниците на ниво на наставен предмет и одделение ( од прво до деветто ) планираат активности за примена на стандардите за интеркултурализам во својата воспитно-образовна работа.**

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

**Во училиштето се планираат да се реализираат следните проекти**

-Имплементација на Конвенцијата за правата на детето – дете правобранител и Јакнење на мултиетничка соработка во Општините- заедно.
-Еразмус ++ ( на ниво на апликација за продолжување)
-Проект за мултиетничка интеграција на младите во образованието во РСМ. – ПМИМО
-Инклузија на ученици со посебни образовни потреби
-Wash UNICEF
-Јакнење на мултиетичка соработка во Општините

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

**Учебна 2021/22 г.**

| Одд. | Македонски наставен јазик | Албански наставен јазик | Турски наставен јазик |
|---|---|---|---|
| IV | 4,89 | 4,29 | 4,59 |
| V | 4,62 | 4,42 | 3,90 |
| VI | 4,74 | 3,98 | / |
| VII | 4,70 | 4,03 | / |
| VIII | 4,61 | 3,88 | / |
| IX | 4,69 | 3,74 | / |
| ***Среден успех*** | ***4,71*** | ***4,12*** | ***4,09*** |
| ***Среден успех на училиштето : 4,30*** | | | |

Училиштето континуирано ќе ги следи постигањата на учениците. Наставниот и стручниот кадар во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците.

Педагошко-психолошката служба од прибраните податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети по квалификациони периоди пристапува кон компаративна анализа на поединечни ученички успеси. Таа прави анализи и споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др.

Одделенските и предметните наставници континуирано ќе го следат напредокот и постигањата на учениците и редовно ќе ги известуваат родителите на ученикот. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ќе ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот ќе се информира преку евидентен лист. За крајниот успех на ученикот ќе се изготват свидетеслтва.

### 15.2.Професионална ориентација

Училиштето планира и превзема конкретни активности за *професионална ориентација на учениците*. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

Стручните соработници спроведуваат низа активности со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието.

Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование. Програмата е анекс

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето води крижа за недискриминација на учениците од секаков вид и тоа: пол, нација, вера и сл. Исто така се води грижа и за ранливи групи на ученици.Во текот на учебната година секој одделенски раководител, советот на одделенски и предметни наставници и стручната служба во соработка со родителите детектираат ваква категорија на ученици и за истите ќе се планираат содржини согласно возраста и др. карактеристики на учениците. Содржините предвидуваат рабитилници со ученици и родители. Еден од тој вид работилници се со родители на ученици кои имаат 100 оправдани или 10 неоправдани, имаат 3 и повеќе единици на тромесечие и прво полугодие и несоодветно однесување.

На полето на реализација на разни ученички активности, а согласно програмите на ниво на училиште, во училиштето ќе се организираат активностите со вклучување на ученици од различни категории, вклучително и ученици од ранливите категории.Тоа се следните програми:

- Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми ( анекс)
- Препознавање и превенција на радикализација која води кон насилен екстремизам ( анекс)
- Превентивна програма за сузбивање на ризично однесување и превенција на болести на зависност ( анекс)

## 16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано по класификационите периоди – на тромесечие и на крајот на првото полугодие, а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII – IX одд. ) се оценуваат бројчано. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.

**Формативно и сумативно оценување**

| **Формативно** | **сумативно** |
|---|---|
| - оценување за учење | - оценување на научено |
| - се дава коментар за учењето | - се формира оценка за наученото |
| - за да се подобри учењето и наученото | - за да се извести колку е научено |
| - во текот на учењето и поучувањето | - на крајот на темата / периодот |

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од поставените цели. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, набљудувања и др. ) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди ( тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или во писмена форма ( на индивидуални средби, писмени белешки , листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл. )

За учениците со посебни потреби дефектологот заедно со наставниците прави ИОП. Согласно истиот се планира и реализира оценувањето.

### 16.2.Тим за следење, анализа и поддршка

Формиран е тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и дефинираните критериуми. Тимот е во состав од: - водач на тимот ( директорот) и членови ( педагогот, психологот и искусни наставници ).

СВОТ анализа на состојбите со оценувањето се планира, а ќе се реализира по тромесечија споредбено со извештаи.

### 16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| **Задачи** | **Активност** | **Носител** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|
| 1.Примена на стандардите во планирањата на директорот, пом. директорите и наставниот кадар | -Советодавно инструктивна работа со наставниците за објективно оценување според стандардите | -директор и пом. директор,пед/псих служба и БРО | - Годишна програма за работа на ОУ |
| 2 Креирање на училишна политика за следење,проверување и оценување. | -Следење на работата на наставниците и добивање повратни информации -мотивираност за промени-имплементација на стандардите и подготовка на критериуми за оценувања | -наставниците<br>-стручни активи<br>-директор<br>-пом директ,<br>-пед –псих служба | -Имплементира-на училишна политика<br>-Аналитички листи и извештаи |
| 3.Примена на дијгностичко, формативно, микросумативно и сумативно оценување и избор на соодветни методи и инструменти за следење | -Посета на часови од страна на директор, пом.директор и пед – псих служба. | -директор-пом дир,пед/ псих служба – координ. на стручни активи | -Записници од совети<br>-Евидентни листови |
| 4.Следење на процесот на оценување на учениците | -Аналитички увид во инструментите на наставниците со кои се проверуваат ученичките знаења и умеења | -директор<br>-пом дир. –педагошко – психолошка служба | -Аналитички листи,извештаи<br>-Извештаи |

**16.4. Самоевалуација на училиштето**

Согласно член 129 од Законот за основно образование, на секои две години училиштето спроведува самоевалуација. За истата се формира училишна комисија која ги анализира сите седум подрачја на работа на училиштето. Во учебната 2021/22 година се реализираше истата во училиштето.

Училишната комисија изготви извештај за извршената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на работата на училиштето и истиот го достави до Училишниот одбор , директорот на училиштето и оснивачот. Училишниот одбор и директорот постапуваат согласно истиот. Резултатите од самоевалуацијата се објавени на веб страната на училиштето. Извештајот е во анекс.

**17.Безбедност во училиштето**

На ниво на училиште подготвен е план за спасување и заштита ( анекс)

**18.Грижа за здравјето**

**18.1 Хигиена во училиштето**

За грижата за хигиената во училиштето се грижат сите негови вработени, учениците, а посебно хигиеничарите.

**18.2. Систематски прегледи**

Со редовни систематски прегледи се планираат согласно програмите за работа на Медицинкиот центар. Ќе се вршат систематски прегледи на тело и на заби кај учениците од **прво, трето, петто и седмо одделение**. Секој одделенски раководител ги придружува учениците при овие прегледи и за констатациите од истите ги информира родителите на учениците. За денот, видот на систематски преглед секој одделенски раковидел доставува извештај до педагошко-психолошката служба на училиштето.

**18.3. Вакцинирање**

Со календарот за имунизација и вакцинација родителите на децата при упис во прво одделение задолжително носат потврди за примени вакцини.Понатака согласно програмата на медицинскиот центар се вакцинираат учениците

**18.4. Едукација за здрава исхрана**

На полето на едукација на учениците за потребата од здрава исхрана на ниво на стручни активи и одделенски часови се планираат кои содржини ќе се реализираат, кога и кои се реализатори.Можно е да се вклучат и родителите на ова поле.

**19. Училишна клима**

**19.1.Дисциплина**

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2022/2023 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките климата ќе биде работна, опуштена и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања. На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Ќе се изготват Кодекси и Куќен

ред за сите должности и обврски на сите вработени и истиот ќе се постават на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Ќе се изготви распоред, кој без исклучок се следи и спроведува. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците поднесуваат дневна евиденција, исто и дежурните ученици. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во сите 4 објекти на училиштето и тоа во ходниците, училниците, санитарните јазли и  училишниот двор. Исто така, се задолжуваат одговорни наставници и ученици за следењето на сите збиднувања во училиштето за време на одморите и водат евиденциа за тековните збиднувања.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето просторот во училиштето  се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со разни изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Затоа на истото му се посветува доволно внимание.

### 19.3. Етички кодекси

На почетокот на учебната  година во нашето училиште ќе се изработат кодекси на однесување за сите субјекти:

а. Етички кодекс за наставниците б. Етички кодекс за учениците в. Куќен ред во училиштето

Истите се поставуваат на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат. Нашето училиште, исто така, ќе изработи и Еко-кодекс, на кој ќе му се посвети особено внимание. Учениците се тие кои ќе го изработат Еко-кодексот, кој ќе вклучува правила на однесување за подобрување на условите во кои се учи и работи. Истите правила ќе опфаќаат развој на свеста на учениците и вработените за зачувување и унапредување на животната средина во која опстојуваат. Еко-кодексот, исто така, ќе биде поставен на видно место во училиштето. Покрај тоа, ќе се организираат и акции за хортикултурно уредување на училишниот двор. Стручните активи ќе имаат за цел да допринесат за создавање свест кај најмалите за заштита на животната средина .

### 19.4. Односи меѓу сите структури

Во  насока на  подобрување на комуникацијата на  сите структури во училиштето  ќе се превземаат низа активности за одбележување на културни, верски и државни празници и развивање на мултиетичност и интеркултурализам. Така ќе се развиваат позитивни односи, почитување  и комуникација меѓу сите субјекти .

Училиштето за таа цел планира да  организира заеднички активности како:

- Прослави (Патронат на училиштето – 7-ми и 8 –ми март , Денот на Словенските просветители,, Кирил и Методиј – ,,24 ти мај,, полуматурски  и др.
- Екскурзии  со наставно-научен карактер  за III, VI и IX одделение за кои се изготвува соодветна програма за работа согласно Правилникот за изведување на истите, како и излети од I до IX одделение.
- Работни акции во и вон училиштето
- Едукативни работилници и др.

## 20. Професионален развој на образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето како воспитно-образовна установа перманентно ги следи потребите за професионален развој на вработените и прави проценки на сработеното како и што треба да се сработи во иднина за постигнување на подобри резултати на сите полиња на дејствување.

### 20.2. Активности за професионален развој

Училиштето има богато искуство на полето на организирање на обуки, интерни семинари и десиминации и екстерни семинари.Меѓу првите сме во општината кои организирале интерни семинари за стручно усовршување на наставниот кадар.Сите активности се планирани во програмите за работа на стручните соработници и наставниците.

**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

**Стручно усовршување**
-Семинари
-Трибини
-Симпозиуми
-Реализција на проектни акт.

**Проценители на развојот**
-Просветни инспектори
- Инспектори советници од Општина
- Советници од БРО
- Директор и пом.директори
- Педагог, психолог, библиотекар

**Професионално портфолио**
- Дипломи - Сертификати
- Признанија
- Потврди и др

**Професионален развој на училишно ниво**
- План на тим за професионален развој
- Личен план
- План на ниво на училиште

**Начин на следење**
- Посета на часови
- Увид во наставнички портфолија
- Стручни средби и др.

**Звања**
- Наставник ментор
- Стручен соработник-ментор
- Ментор на почетници
- Наставник соработник

**Процена на потреби**
- Самоевалуација на училиштето - Интегрална евалуација на училиштето - Акциски истражувања во училиштето

**20.3.Личен професионален развој**

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и лично напредување и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Сите наставници ќе бидат, исто така, опфатени во планираните обуки и работилници со еколошка програма.

**20.4. Хоризонтално учење**

За професионален развој на наставниците многу се значајни семинарите од интерен и екстерен карактер, обукуите и десиминациите. Преку нив се врши стекнување а потоа и споделување на искуствата и знаењата од семинарите. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници, отворени часови, примери на добра практика и др. Во тој поглед училиштето подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и излезни ефекти

**20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно –образовниот кадар кој се одвива во три дела односно фази, првиот дел е посветен на приправничкиот период , вториот дел се однесува на периодот каде наставникот/стручниот соработик работи самостојно и третиот дел каде што напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник.

Образовниот кадар се запознава со стандардите за наставник/ стручен соработник –ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја и тоа :

1. Знаење за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем
2. Поучување и учење
3. Создавање стимулативна средина за учење
4. Социјална и оразовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионалана соработка

Воспитно- образовниот кадар се запознава и со критериумите за напредување во знањата метор и советник како и процедурата за стенување на звање.

- Критериуми за наставник /стручен соработник ментор :
- Наставникот/стручниот соработник ментор има 7 години работно искуство како наставник .
- Ги исполнува професионалните стандарди за ментор .Критериуми за наставник /стручен соработник советник :
- Наставникот/стручниот соработник ментор има 9 години работно искуство како наставник/стручен соработник.
- Ги исполнува професионалните стандарди за советник.

## 21.Соработка на ООУ со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на ООУ

Родителите учествуваат во работата на училиштето на разни начини:

- Преку Советот на родителите, кога во септември се презентира Годишнта програма за работа на училиштето.
- Соработка со родителите е и во насока на во решавање на низа прашања и проблеми на кои наидува училиштето а се изразува преку нивни мислења , сугестии но и влијание и помош па и донации за подобрување на физичките услови во училиштето.Родителите земаат учество во активности за јакнење на мултиетичноста во училиштето и средината. Соработката со родителите се остварува преку индивидуални контакти, родителски состаноци на ниво на паралелка, одделение и училиште , како и соработка со советот на родителите.На тие средби се врши нивно информирање за успехот, дисциплината и тековни прашања , а се врши и размена на мислења и др.

Во процесот на управувањето и донесување на одлуки во училиштето родителите се вклучуваат преку Советот на родители, тело кое е составен со преставници од секоја паралелка од прво до деветто одделение.Со него раководи претседателот на советот кој го бираат самите членови. Има своја програма за работа ( прилог). Родителите се информираат за работата на училиштето преку Брошура на училиштето и памфлет кои се изготвуваат секоја учебна година.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма со посочување линкови до истите, а за наставниот процес ќе ги информираме преку: Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, преку стручната служба на училиштето и преку Е-дневникот. Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата. Ќе се организираат работилници со родителите на учениците. Ќе помагаат при професионалната ориентација на учениците, на нови наставни содржини секој од областа на својата професија

Родителите се вклучени и во планирање на активности за работа со ученици со посебни потреби и се дел од инклузивниот тим.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер.

**22.Комуникација со јавноста и промоција на училиштето**

Целта е анимирање и ставање во педагошка функција на се што може да понуди локалната средина за поуспешно остварување на прогрмските задачи на училиштето, како и да влијае на подигување на културно-образовното ниво на месното население.

Активности:

-Вклучување na населението преку стручни, материјални и др. можности за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа на училиштето.

-Јакнење на мултиетичноста во Општината – активности во рамките на проектот ,,Јакнење на мултиетничка соработка со Општината

-Учениците да ги запознаат јавните и установите од култура на локалната средина и тоа на сите жители на Тетово и да го применат наученото во практика

- Одбележување на празници и јубилеи со културно-уметнички приредби, изложби,натпревари, конкурси и др. а со цел анимирање на постигањата на полето на настава и воннаставни активности..

- Се воспоставува соработка со Општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишан на Меморандум за соработка од 2009 г.

**Јавни приредби**

Цел: Да се презентираат резултатите кои ги постигнува училиштето од својата воспитно – образовна работа..

Активности: Училиштето планира да реализираприредби по повод одбележување на Патрониот празник ,,13 Октомври,, .Исто така приредба ќе има и по повод денот на просветните работници и на крај година.Исто така наши ученици може да земат учество на приредби организирани надвор од училиштето слеејќи ја програмат за работа на организаторите. Носители се наставниците по мајчин јазик, музичко, ликовно, физичко и одд.раководители од одделенска настава.

**Општествени организации и институции**

Цел: За реализација на поедини сегменти од својата дејност училиштето ќе ја насочи соработката со долуспоменатите организации и институции а во функција на постигнување подобри резултати во воспитно образовната работа.

Соработката ќе се одвива со :

-Центар за социјални работи- Тетово – тековно и по потреба, а ќе биде координирана со стручни лица од центарот.Активностите ќе се одвиваат на полето на малолетничка деликвенција,болсти на зависност, семејни проблеми кои се рефлектираат во училиштето и др.Носител на сорботката е пед/псих служба.

-Центарот за култура ,,И А Смок,, Тетово.Активностите се насочени кон посета на театарски пректви и изложби како и литературни читања и сл. Согласно програмата за работа на домот.Носитли се одделенските рководители и наставници по мајчин јазик.

-Основното музичко училиште и др. основни училишта преку посета на концерти,и изложби од страна на училиштата.Носители се наставниците а посебно по музичко и ликовно..

Подетално соработката како содржајно така и временски ќе се одвива според планот н стручните активи како и планот и програмата на горенаведените институции.

**Невладини организации**

Соработката со невладините организации ќе се одвива најмногу преку активности во рамките на проектите во кои е вклучено училиштето. Невладините организации на тоа поле се: Мултикултура – Тетово; Љоја – Тетово; Коалиција ,,Сега,, - Прилеп; „ Отворете ги прозорците„ со поддршка на детската фондација „ Песталоци„. Училиштето е отворено за соработка и со други невладини организации

**Здравствени организации**

Во текот на учебната година на се води грижа за здравјето на учениците и вработените. За таа цел училиштето ќе соработува со: -Медицински центар – Тетово -Центар за социјални грижи- Тетово -Фондот за здравство-Осигурителни компании за осигурување на учениците и вработените и др.

**Медиуми**

Соработката со медиумите е за да се информираат учениците , вработените во училиштето, родителите и потесната и поширока јавност за постигањата на учениците во наставниот процес како и во воннаставните активности со кои достојно ќе се презентира името на училиштето.

**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште**

| (**Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/а** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| **Опремување на просторија на дефектологот со асистивна технологија за работа со ученици со посебни потреби** | -Набавки, -Фактури, -Асистивни апарати крај на 2022 г. | -дефектологот<br>-наставниците и<br>-инклузивен тим | Директор |
| **Доградба на 2 училници и фискултурни сали во ООУ.** | Скица, План, Писма до основач и МОН учебна 2022 / 23 г. | Пед/псих.служба | Училишен одбор и директор |
| **Проследување на информации за позначајни активности од работата на ООУ до родителите/старателите** | Записници: - Училишен одбор; - Совет на родители; - оодделенски совет;<br>- наставнички совет;<br>- родителски средби; Огласна табла<br>учебна 2022 / 23 г. | - Одделенски раководители<br>- наставниците | Директор<br>Пом.директор |
| **Помалку активните наставниците да се поттикнуваат и охрабруваат да одржуваат ред и дисциплина на часовите како и дежурства за време на одморите.** | - Листа со дежурни настравници и нивни задолженија<br>- Записници од дежурствата.<br>Во учебна 2022 / 23 г. | - Дежурни наставници на денот во двете смени | Директтор.<br>Пом.директор |
| **Соработка на релација ученици, наставници и други компетентни лица за решавање на проблеми кои ги мачат учениците – учество на „ Отворен ден по Граѓанско образование “ .** | -Избор на проблем<br>-Стратегија за решение<br>-Презентација на идеи<br>март 2023 г. | - Наставници по граѓанско образ.<br>- Педаг/психол. служба. | Директор<br>Пом.директ.<br>БРО |

## 24. Евалуација на годишната прогрма за работа на основното училиште

| *Активност* | *Носител* | *Начин на спроведување (ресурси)* | *инструменти* | *Очекувани резултати* | *Одговорно лице* | *Временска рамка* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуализиран и програма за ученицисо ПОП | Училишен инклузивен тим , дефектолог, наставниците | Чек листи Опсервации Прашалници Анегдотски белешки ИОП | Протокол за следење на планирањата на наставниците | Изработени ИОП-и | директор дефектолог | тековно |
| Ученички парламент | Одговорен наставник | Извештаи,записници | Записници,извештаи, фотографии | Вклучување на учениците во работата на | Пед/псих. служба | тромесечно |
| Следење и поддршкана оценувањето | Стручни активи | Педагошка документација<br><br>Критериуми за оценување | Извештај од прегледани дневници | Усогласеност на оценувањето сопредвидените стандарди | Пед/псих. служба | тековно |
| Ученички натпревари | Наставници | натпревари(општински Регионални,државни, Меѓународни)конкурси, проектиманифестации | Ранг листи<br><br>Правилник за награда и казна | Афирмација на училиштето и поттикнување на натпреварува чки дух | Пед/псих. служба | Второ полугодие |
| Општествено хуманитарна работа | Наставници | Работилници, Манифестации,штандови | Извештај, фотографии | Развиена хуманитарна свест | Пед/псих. Служба | тековно |
| Превентивни програми | Наставници | Предавања, работилници | Извештај, фотографии | Познавања на своите права,препознавање на насилничко однесување | Пед/псих. служба , наставници, локална средина | тековно |
| Профеионална ориентација | Наставници и педагог и психолог | Работилници, презентации, тестови за проф. ориентација | Флаери, постери состави | Правилен избор на средно обр. | Пед/псих. служба | Второ полугодие |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Безбедност во училиштето | Стручна служба Наставници | Состаноци и работилници | записници | Училиштето е безбедно место | Директор , наставници, институции | тековно |
| Позитивна социо - емоционална клима | Наставници, ученици, родители | Работилници | Работни листови | Емоционално стабилна средина со развиена социјализација | Пед/псих. служба | Учебна 2022/23 година |
| Грижа за здравјето | Наставници и ученици | Предавања Работилници презентации | Работни листови ,презентации | Подобро здравје | Наставници Професионал н и лица | Учебна 2022/23 година |
| Слободни ученички активности | Наставници | Реализирани активности | Одделенски дневници, анкети | Продлабочување на знаењата на учениците | Наставници Пом.директор и | Учебна 2022/23 година |
| Мултикултурализам и интеркултурализам | Наставници | Интернет, учебници, енциклопедии и друг Пишан материјал | Флаери, хамери, постери, трудови | Почитување на другите и намалување на предрасудите | Директор и пом.директор и Пед/псих.служ ба | Учебна 2022/23 година |
| Професионален развој | Тим запрофесионален развој | Презентации,практични вежби | Портфолио | Запознавање со текот на работата на тимовите | Тим за професионале н развој на наставници | Учебна 2022/23 година |
| Вклученост на семејството во работата на училиштето | Наставници | Анкетен лист, брошура | Работни листови | Подобрување на училишната клима | Пед/псих.служ ба | тековно |
| Комуникација со јавноста и промоција на училиштето | Наставници | работилници, трибини, посети | извештаи | промовирање, подобрување на условите за работа | Директор и пом.директор и | Учебна 2022/23 година |

## 25. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работа на училиштето е значаен документ кој се темели на законски прописи, нормативни акти, Развојниот план и самоевалуацијата, разни одлуки, анализирање на годишните извештаи за работењето на училиштето, најновите измени и дополнувања на наставниот план и наставните програми и др.документи. Поради јасност, логичност и разбирливост во планирањето постои јасен систем на цели и јасност во работењето, избор на адекватна стратегија за евалвација на очекуваните резултати. Прецизирани се временските рамки на реализирање на работните задачи, одредени се носителите на активностите, прецизирани се програмите со активности, цели, задачи, очекувани резултати.

При изработка на Годишната програма водевме сметка за просторните услови со кои располагаме.

Успешноста на годишната програма е заедничка обврска и должност е на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес како внатрешни или надворешни партиципиенти во зависност од нивната улога со истрајност и меѓусебна соработка да партиципираат и влијаат на квалитетната реализација и конкретизација на воспитнообразовните цели и задачи. Основните димензии на педагошкото водство во училиштето се насочени на оптимално искористување на сите расположливи ресурси со единствена цел подобрување на работата на училиштето и постигнување на високи, но возможни едукативни резултати. Разликите мора да се прифатат како предност, а не како негативен елемент.

Во програмата се опфатени општи податоци за училиштето, податоци за наставниот и ненаставниот кадар, за телата на управување, учениците, приоритетните подрачја на промени, видови на настава и воннаставни активности,вонучилишни активности (екскурзии, излети), проекти кои ќе се реализираат, грижа за здравјето и безбедноста на учениците,унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција, поддршка на учениците, видови оценувања, самоевалуација на училиштето, следење на наставата, училишна клима, професионален и кариерен развој на наставниците, соработка со родителите, комуникација со јавноста и промоција на училиштето.

Од горенапишаното може да резимираме дека Годишата програма е документ кој е клучен за реализација на воспитно-образовниот процес и ни служи како основа преку индикаторите за мерење на успешноста во реализацијата на активностите планирани за учебната 2022/2023 година да се оцени успешноста на истата.

**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште**

1. **Риза Етеми – директор**
2. **Марина Богојевска – педагог**
3. **Ибадета Беќири – психолог**
4. **Атиџе Цека - секретар**

**27. Користена литература**


1. Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20 - Член 108 (1)
2. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште – членови 1,6,7,12,13,14
3. Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,
4. Подзаконски и интерни акти (Статут на училиштето, етичкиот кодекс, деловниците за работа на органите итн.), Правилници (Правилникот за начинот на водењето и содржината на педагошката евиденција и документација во основните училишта,Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за работно време, Правилник за работа на наставници и стручни соработници и др.);
5. Наставните планови и програми за основно образование;
6. Програмата за развој на училиштето ;
7. Освртот за работа на училиштето за учебната 2021/2022 г ;
8. Извештај од последната интегрална евалуација ;
9. Извештајот од самоевалуацијата 2019-2021 година ;
10. Извештајот за финансиското работење на училиштето (користени записници од училишен одбор , наставнички совет.)
11. Наставник од почетник од ментор -Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта
12. Стручен соработик од почтник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта
13. Националната програма за развој на образованието во РС Македонија
14. Законот за организација и работа на органите на државната управа


место за печат, за датум и потпис на директорот на основното училиште и за потпис на претседателот на Училиштниот одбор.

**ПРИЛОЗИ**

- Програми за работа на : директор; помошници директори, педагог, психолог, библиотекар, социјален работник, училишен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи
- Проектите во кои е вклучено училиштето активностите ќе се одвиваат согласно програмите на носителите на проектите
- Извештај од последната  самоевалуација на училиштето
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Програма за реализација на ученички екскурзии
- Програмите за додатна и дополнителна настава се во рамките на планирањата на наставниците кои се доставуваат во училиштето
- Програма на инклузивен тим
- Програма за превенција од насилно однесување
- Програма за професионална ориентација
- Кодекс за однесување на ученици, наставници, вработени и родители
- Програма за ученици со емоционални проблеми
- Програма за антикорупциска едукација
- Програма работа со надарени и талентирани ученици
- Програма за препознавање и превенција на радикализација  која води кон насилен екстремизам
- Програма на ученичка заедница
- План и мапа
- Програма за ЕКО
- Програма за професионален развој на наставниците